| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **ГРАЃАНСКО ПРАВО – ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА** | | | |
| 2. | **Код** | **5080306** | | | |
| 3. | **Студиска програма** | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор степен | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/8 | 7. | **Број на ЕКС кредити** | 8 |
| 8. | | Проф. д-р Родна Живковска<br>Проф. д-р Јадранка Дабови Анастасовска<br>Проф. д-р Дејан Мицковиќ<br>Проф. д-р Татјана Зороска Камиловски<br>Проф. д-р Тина Прженка<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева<br>Проф. д-р Ангел Ристов<br>Доц. д-р Милка Ракочевиќ<br>Доц. д-р Елена Игневска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Концепцијата на наставната програма по предметот Граѓанско право – применета програма има за цел студентите да се стекнат со способност практично да ги аплицираат своите знаења од областа на граѓанското право, способност што мора да ја поседува секој правник.<br>Од студентот се очекува пред се да ја совлада техниката на правилна примена на законските прописи (читање и толкување на законските норми).<br>Исто така од студентот се очекува да ја совлада техниката на изработка на: правни дела (договор, тестамент), изработка на најразлични видови на поднесоци (тужби, жалби, приговори, барања) како и изработка на акти на судските органи (пресуди, решенија) и други акти на органите на управата (решенија, договори) со кои настануваат, се менуваат и престануваат граѓанскоправните односи.<br>Покрај ова, предметната програма Граѓанско право – применета програма има за дел да им овозможи на студентите да се запознаат со реализација на институтите на граѓанското право (општиот дел, стварното, облигационото и наследното право) во практиката. Со совладувањето на оваа материја се очекува од студентот да се стекне со способност своите теоретски познавања на материјата на граѓанското право да ги искористи при решавање на практични случаи. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Предметната програма Граѓанско право – применета програма е содржински компонирана така што ги опфаќа практичните аспекти на составните делови на граѓанското право (материјално и процесно). Во тие рамки, студентите добиваат можност усвоените теоретски знаења од одделните дисциплини на областа – граѓанско право (општ дел, стварно право, облигационо право, наследно парнично, вонпарнично и извршно право) да ги применат во практиката.<br>Од општиот дел на граѓанското право подетално ќе се разгледуваат прашањето за предметот и методот на граѓанското право, субјетивитетот во граѓанското право, претпоставките за настанување на имотноправниот однос, вршењето на имотните субјективни права и застапништвото. Овие институти ќе бидат разгледувани од аспект на нивната реализација во правниот живот на Р. Македонија, преку конкретни договори, тужби, решенија, изјави на волја и | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | слични основи за настанување на имотноправни односи.<br>Материјата од стварното право во рамките на овој предмет, ќе биде презентирана од аспект на нејзината практична примена. Притоа, покрај начинот на примена на Законот за сопственост и други стварни права на Р. Македонија, ќе се има предвид и примената на другите специјални закони кои го уредуваат правниот режим на одредената ствар (Законот за земјоделско земјиште, Законот за градежно земјиште, Законот за шумите и др.). Во наставата реализацијата на стварните права ќе се прикажува со акти на надлежни државни органи (Суд, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други), кои го уредуваат првниот режим на одредени ствари при што тоа доаѓа до настанување на стварноправни односи во земјата.<br>Во рамките на облигационото право најпрво ќе се обрне внимание на општото учење на договорите (начинот на нивното склучување, понудата и прифаќање на понудата, формата на договорите, општите услови на договорите, дејството на договорите и неважноста на договорите). По елаборацијата на општите прашања ќе се пристапи кон анализа на анатомијата на посебните договори, нивното составување и посебните клаузули. Особено внимание ќе се посвети на меѓународната регулатива и практичните аспекти на некои нови договори во меѓународното договорно право. Соодветно внимание ќе се посвети и на другите облигациони односи. Причинувањето на штета ќе се разгледува особено со анализа на судски одлуки и посочување на најприменливите методи за пресметување на материјалната и нематеријалната штета.<br>Во делот за наследно право ќе се разработуваат законското наследување во чии рамки спаѓаат наследните редови, правото на претставување, правото на приараснување и нужното наследување. Потоа, низ практична примена, ќе се елаборира тестаменталното наследување (редовни и вонредни форми на тестамент).<br>Во рамките на граѓанското процесно право, студентите добиваат можност усвоените теоретски знаења од граѓанското процесно право практично да ги применуваат преку: совладување на техниката на составување различни видови на поднесоци во граѓанските судски постапки, анализа на судски предмети од областа на граѓанското право, односно граѓанскоправните односи, пишување на судски одлуки и други акти на судските органи. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Интерактивна настава, симулација на случаи, изработка на проекти и истражувања | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 5+0+1,7+0+6,7 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Предадена проектна задача | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Р. Живковска | Општ дел на граѓанското право - Практикум | Европа 92 | 2011 |
| 2. | Р. Живковска | Збирка на прописи од стварното право - Практикум | Европа 92 | 2010 |
| 3. | А, Јаневски, Т. Зороска Камиловски | Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право | Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ | 2012 |
| 4. | Гале Галев, Јадранка Дабови Анастасовска | Облигационо право | Просветно дело | 2012 |
| 5. | Мицковиќ Д., Ристов А. | Граѓанско применето право, Наследно право | Блесок | 2013 |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10 | | | | |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Џ. Гордли | Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа | Просветно дело | 2009 |
| 2. | | | | |